СТАТУТ
на
Сојуз на Извидници на Македонија



Скопје, јуни 2024

Во согласност со одредбите од Законот за здруженија и фондации, Собранието на Сојузот на Извидници на Македонија, на седницата одржана на ден 02.06.2024 година го донесе следниот пречистен текст на:

СТАТУТ
на Сојузот на Извидници на Македонија

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Сојузот на Извидници на Македонија (во понатамошниот текст: Сојузот) е воспитно, доброволно, неполитичко и самостојно здружение на граѓани за деца и млади, отворено за сите, без разлика на нивната верска, национална, етничка, полова и расна припадност.
Сојузот претставува форма на здружување на извидничките одреди во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: одредите).
Сојузот на Извидници на Македонија своите активности ги остварува во согласност со Уставот на РСМ, законите и останатите позитивно-правни прописи, Статутот и останатите интерни акти, како и во согласност со Статутот, мисијата, визијата, целите, начелата и методите на Светската организација на извидничкото движење (WOSM).

НАЗИВ И СЕДИШТЕ

Член 2

Називот на Сојузот е: **Сојуз на Извидници на Македонија.**
Скратениот назив на Сојузот е: **СИМ**
Меѓународниот назив на Сојузот е: **Scout Association of Macedonia**
Седиштето на Сојузот се наоѓа во Скопје, на улица "Михаил Џоков" бр. 1 А.
Сојузот делува на територијата на **Република Северна Македонија**.

ЧЛЕНСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ФОРМИ НА ЗДРУЖУВАЊЕ

Член 3

Сојузот е член на Светската организација на извидничкото движење (World Organization of the Scout Movement).
Сојузот може да учествува и во други меѓународни форми на здружување чии цели и принципи се во согласност со целите и принципите на Светската организација на извидничкото движење.

ПРАВЕН СТАТУС

Член 4

Сојузот има својство на правно лице.
Сојузот за своите обврски одговара со целиот свој имот и средства.

Член 5

Сојузот на Извидници на Македонија е непрофитна организација.
Сојузот на Извидници на Македонија не врши политички активности и не го користи својот имот и средства за остварување на полититчки цели.
Сојузот на Извидници на Македонија може да врши дејности со кои може да се стекне со добивка само преку основање или учество во капитал на домашно или странско трговско друштво.
Ако Сојузот оствари приходи од добивка, таквата добивка ќе биде употребена исклучиво за остварување на целите утврдени со Статутот.

ОЗНАКИ

Член 6

Знакот на Сојузот е во кружен облик и го има следниот изглед:

- зелен јаворов лист со црвен лилјан, магнетна игла, прстен и две ѕвезди петокраки во жолта боја. Јаворовиот лист е заокружен со јаже кое во долниот дел е врзано со амбулантен јазол.

Начинот на користење и употребување на знакот е регулиран со посебен Правилник кој го донесува Старешинството.

Член 7

Сојузот има печат со тркалезен облик. Во средината на печатот е знакот на Сојузот, а околу него стои натпис: Сојуз на извидници на Македонија - Скопје.
Сојузот има штембил со правоаголна форма кој го содржи знакот и името на Сојузот, како и простор за наведување на архивски број, дата и место.
Сојузот има меѓународен печат и штембил кои се употребуваат при заверка на билатерални и мултилатерални документи од областа на меѓународната соработка. Меѓународниот печат и штембил, покрај обележјата на печатот и штембилот од став 1 и 2 го содржат и меѓународниот назив на Сојузот.

Член 8

Знамето на Сојузот е со правоаголен облик, во жолта боја и страници 2:1 метар. На средината на знамето се наоѓа знакот на Сојузот, а околу него стои натпис: "Сојуз на извидници на Македонија".
Сојузот има знаме за меѓународна употреба на кое е испишан меѓународниот назив на СИМ – Scout Association of Macedonia.
Со одлука на Старешинството, а во зависност од потребите може да бидат изготвени знамиња чии димензии ќе отстапуваат од димензиите од став 1.

МИСИЈА, ВИЗИЈА, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА СОЈУЗОТ

Член 9

ВИЗИЈАТА на Сојузот е да биде најголема младинска организација во Македонија, препознаена по самоодржлив модел и атрактивни програми и практики, кои го поттикнуваат развојот на успешни, конструктивни и самоисполнети личности кои придонесуваат за заедницата во создавање на подобар свет.

МИСИЈАТА на Сојузот е развој на младите во земјата преку учење на животни вештини и вредности, со примена на атрактивна програма преку користење на извидничкиот метод, и креирање на самоиницијативни и креативни лидери кои даваат одговори на потребите и предизвиците на современото општество.

ЦЕЛТА на Сојузот е да придонесува во развојот на децата и младите луѓе, во достигнувањето на нивните потполни физички, интелектуални, општествени и духовни можности како поединци, како одговорни граѓани и како членови на нивните локални и национални заедници, како и меѓународната заедница.

ДЕЈНОСТ

Член 10

Дејноста на Сојузот е **94.99** - активности на други организации врз база на членување, неспомнати на друго место.

ИЗВИДНИЧКИ МЕТОД

Член 11

Сојузот ги остварува своите цели преку поддршка на физичкиот, интелектуалниот, емотивниот, социјалниот и духовниот развој на децата и младите луѓе, со што тие би го достигнале својот целосен потенцијал и како одговорни граѓани би придонеле за развојот на општествената заедница.

Член 12

Заради остварување на своите цели, Сојузот и одредите кои членуваат во него при работата со децата и младите луѓе го употребуваат **извидничкиот метод.**
Извидничкиот метод претставува систем на прогресивно самообразование, кое се остварува преку комбинирање на следните елементи:

- **Завет и Закони:** претставуваат конкретен и практичен начин за разбирање и живеење според основните вредности на извидничкото движење;
- **Учење преку работа:** претставува активен начин на стекнување знаења, вештини и ставови, кои го илустрираат практичниот пристап кон работата на извидниците;
- **Патролен систем:** подразбира работа во мали групи (6 до 8 членови), каде што во согласност со нивните капацитети, а под водство на повозрасен, членовите ги организираат своите активности, ги делат одговорностите и одлучуваат за начинот на извршување и оценување на она што е планирано и реализирано;
- **Симболичка рамка:** има за цел да го изгради капацитетот на младите луѓе за фантазија, авантура, креативност и инвентивност. На тој начин се пренесуваат извидничките вредности преку преку поврзани и забавни активности;
- **Природа:** вклучува применување на конструктивен контакт со природата и искористување на уникатните можности за учење кои ни ги овозможува природниот свет;
- **Личен напредок:** подразбира помош на секоја индивидуа да биде свесно и активно вклучена во нејзиниот развој. Тоа овозможува напредок на сопствен начин со сопствен ритам (темпо), стекнување самодоверба и препознавање на постигнатиот напредок. Прогресивната шема која поставува различни цели за различни групи на возраст е главната алатка за поддршка на овој елемент од извидничкиот метод;
- **Поддршка од возрасните:** Извидништвото е младинско движење во кое младите луѓе изведуваат активности со поддршка од повозрасни. Улогата на возрасните е да бидат водачи, учители и модератори, односно да се осигураат дека младите членови спроведуваат активности кои го промовираат развојот како на поединецот, така и на групата како целина. Соработка помеѓу помладите и повозрасните се темели на доверба и взаемна почит. Возрасните им помагаат на младите луѓе да го развијат целосно својот потенцијал;
- **Вклучување во заедницата**: претставува активно истражување и посветеност на заедниците, како и на светот надвор од нив, притоа негувајќи поголема почит и разбирање меѓу луѓето.

Член 13

Употребувајќи го **извидничкиот метод**, Сојузот на извидници на Македонија, преку извидничките одреди, настојува да ги охрабри децата и младите луѓе да:

- Научат да се почитуваат себе си и другите, светот во кој живеат и околината која ги опкружува;
- Имаат цврстина на карактерот и изградени морални вредности за да го разликуваат правилното од погрешното и да го разберат влијанието на нивното дејствување на себе си и на другите;
- Ги слушаат и почитуваат другите, нивните идеи и верувања;
- Бидат силни кога се во неволја, но и да бидат желни да побараат помош или совет кога им е потребно;
- Реагираат на неправда и да помогнат во изградбата на праведно општество;
- Имаат храброст да ги искористат можностите и да се стремат кон остварување на сопствените сништа;
- Бидат способни да креираат идеи и план во кој ќе се пронајдат себе си во иднината;
- Се обидуваат да го дадат најдоброто од себе и никогаш да не се плашат од неуспех;
- Имаат конструктивна улога во општеството и да им помагаат на оние на кои им е потребна помош;

- Ја научат вистинската вредност на нештата и важноста на семејството и пријателството;
- Водат активен и здрав живот;
- Ја разберат важноста и користа на образованието во сите негови форми;
- Ја разберат и почитуваат својата култура и културата на другите;
- Се залагаат за зајакнување на меѓуетничка, верска и расна доверба и соработка.

ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Член 14

Заради остварување на своите цели, Сојузот и одредите кои се негови членови ги поттикнуваат децата и младите луѓе да ги применуваат основните принципи на извидништвото. Принципите се основни закони и верувања кон кои треба да се придржуваат членовите на Сојузот при остварувањето на целите. Тие претставуваат код на однесување кој ги карактеризира сите членови на организацијата.
Сојузот и неговите членови ги применуваат следните **основни принципи:**

1. **Обврска кон духовниот развој:**
   - Прифаќање на духовните принципи, лојалност кон верата која ги изразува и прифаќање на обврските кои од нив произлегуваат.

2. **Обврска кон другите:**
   - Лојалност кон својата земја, заедно со промоција на локалниот, националниот и меѓународниот мир, разбирање и соработка.
   - Учество во развојот на општеството со признавање и почитување на дигнитетот на другиот и интегритетот на природниот свет.

3. **Обврска кон себе:**
   - Одговорност за сопствениот развој.

ЧЛЕНСТВО И ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗОТ

Член 15

Членови на Сојузот можат да бидат извиднички, извидничко-поречански и извидничко-езерски одреди основани како правни лица во согласност со Законот за здруженија и фондации, чии статут, цели и задачи се во согласност со Статутот, целите и задачите на Сојузот на извидници на Македонија.
Начинот и условите за прием и престанување на членството се регулираат со посебен Правилник кој го донесува Старешинството.
Заеднички назив на сите одреди на Сојузот е ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕДИ.

Член 16

Членовите на одредите кои членуваат во СИМ се категоризираат според возраста, и тоа:
а) Развигорци – од 6 до 10 години;
б) Извидници - од 11 до 14 години;
в) Истражувачи - од 15 до 18 години;
г) Ровери - од 19 до 29 години;
д) Сениори - над 29 години.
Заеднички назив на сите членови на Сојузот е ИЗВИДНИК.

ИЗВИДНИЧКИ ЗАВЕТ И ЗАКОНИ

Член 17

Извидниците кои членуваат во одредите кои се членови на Сојузот по изминувањето на

подготвителен период од три месеци даваат завет.
Заветот е ист за сите категории извидници и гласи:
"Давам чесен збор,
- дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина,
- дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење,
- дека секогаш ќе им помагам на луѓето,
- дека ќе живеам и работам по извидничките закони."

Член 18

Сојузот и одредите кои членуваат во него настојуваат да ги поттикнат децата и младите луѓе да живеат согласно општоприфатените позитивни морални вредности кои извидничката организација ги прифаќа како **извиднички закони.**

Законите на **развигорците** гласат:
1. Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2. Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3. Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Законите на **извидниците** гласат:
1. На извидникот му е чест да му веруваат;
2. Извидникот е корисен;
3. Извидникот е добар другар;
4. Извидникот е учтив;
5. Извидникот е оптимист;
6. Извидникот е верен и одговорен;
7. Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења;
8. Извидникот ја цени природата;
9. Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности;
10. Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата.

Член 19

Одредите-членови на СИМ може да формираат форми на здружување на локално ниво и тоа:
- на територијата на општина извидничките одреди се можат да основаат општински сојуз на извидници;
- на територијата на град извидничките одреди се можат да формираат градски сојуз на извидници.

Одредите – членови на СИМ може да се здружуваат и во други формални и неформални облици на здружување на локално и регионално ниво.

Член 20

Одредите – членови на СИМ може да членуваат и во меѓународни формални и неформални облици за здружување, доколку тоа не е спротивно со принципите, целите, политиките и интересите на СИМ.

Член 21

Одред – член на СИМ кој членува во формално или неформално здружение чие дејствување е спротивно на принципите, целите, политиките и интересите на Сојузот, може да биде санкциониран со дисциплинска мерка во согласност со одредбите од овој Статут и Правилникот за дисциплински мерки.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СИМ

Член 22

Членките на Сојузот ги имаат следните општи права и обврски:

- да ја спроведуваат Програмата на Сојузот;
- да го применуваат и почитуваат Статутот на Сојузот и останатите интерни акти;
- да учествуваат во активностите кои ги организира Сојузот;
- доколку се полноправни членки, да предлагаат кандидати за членови на органите и телата на СИМ од редовите на нивните членови;
- да бираат, а нивните членови да бидат бирани во органите на Сојузот;
- со својата работа и активности да придонесуваат во остварувањето на целите и задачите на Сојузот;
- да го развиваат и чуваат угледот на системот на извидништвото;
- да користат средства и услуги на Сојузот, како и придобивките кои државата и други институции и организации ги обезбедуваат за членовите на Сојузот;
- да користат стручна и друга помош од Сојузот;
- редовно да плаќаат членарина;
- да ја носат униформата и ознаките на Сојузот за време на извидничките активности во согласност со правилникот за униформи и ознаки на Сојузот;
- да бидат навремено и потполно информирани за работата и активностите на Сојузот;
- да ги исполнуваат обврските утврдени со овој Статут и со другите општи акти на Сојузот;
- да ги почитуваат донесените одлуки и заклучоци на органите на Сојузот.

Начинот и обемот на остварување на правата и обврските на одредите-членови на Сојузот зависи од статусот на нивното членство (полноправно, придружно или членство во мирување) во смисла на одредбите од Правилникот за регистрација на извидничките, извидничко- поречанските и извидничко-езерските одреди членови на СИМ, кој го донесува Старешинството. Правата, обврските и бенефициите на одредите-членови на Сојузот подетално се регулирани со Правилникот за правата, обврските и бенефициите на извидничките и извидничко- поречанските одреди членови на Сојузот на извидници на Македонија, кој го донесува Старешинството.

ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

Член 23

Спрема член на Сојузот или член на организациона единица на Сојузот може да се применат дисциплински мерки.
Видот и примената на дисциплинската мерка се уредуваат со посебен Правилник за дисциплински мерки, кој го донесува Старешинството на Сојузот.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СИМ

Член 24

Извидничките одреди – членови на Сојузот се самостојни организациони единици со статус на правно лице кои дејствуваат на определена територија.
Одредите своето членство го распоредуваат во внатрешни организациони единици кои се формираат како:

а) работни единици
- јато (работна единица на развигорци)
- патрола (работна единица на извидници)
- клуб (работна единица на истражувачи; ровери и сениори)

б) основни единици
- дружина - посада

РЕГИСТРАЦИЈА И РЕГИСТАР НА ЧЛЕНОВИ

Член 25

Во Сојузот на извидници на Македонија може да се регистрира секој извидднички одред кој дејствува на територијата на Република Северна Македонија и ги исполнува условите за

регистрација предвидени со овој Статут, Правилникот за регистрација на извидничките, извидничко- поречанските и извидничко-езерските одреди во Сојузот на извидници на Македонија и останатите интерни прописи.
Извидничките одреди - членови на СИМ еднаш годишно вршат обнова на својата регистрација. Начинот, постапката и условите за регистрација и обнова на регистрацијата на одредите се подетално уредени со Правилникот за регистрација на извидничките, извидничко-поречанските и извидничко-езерските одреди во Сојузот на извидници на Македонија кој го донесува Старешинството.

Член 26

Сојузот води единствен регистар на членови на извидничките одреди.
Податоците од ставот (1) на овој член се ажурираат најмалку еднаш годишно.
Сојузот ја гарантира анонимноста на личните податоци на лицата кои се запишани во регистарот.
Податоците од ставот (1) на овој член се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА СОЈУЗОТ

Член 27

Во правниот промет со трети лица Сојузот го застапува и претставува Старешината, кој се потпишува под називот на Сојузот и дејствува во сите околности во името на Сојузот.
При службена комуникација и потпишување на документи со правни и физички лица, во зависност од потребите и околностите, Старешината на Сојузот може да се потпишува како Претседател на Сојузот.

Член 28

Доколку од оправдани причини е спречен да преземе определно дејствие во име и за сметка на Сојузот, кое со оглед на сите околности потребно е да се изврши без одлагање, Старешината може со нотарски заверено полномошно да го овласти заменик-старешината или друг член на Старешинството на Сојузот да го преземе таквото дејствие.

УПРАВУВАЊЕ СО СОЈУЗОТ

Член 29

Со Сојузот управуваат членовите преку своите преставници во органите и телата на Сојузот.
Органи на управување на Сојузот се:

1. Собрание;
2. Старешинство и
3. Старешина.

1) Собрание на Сојузот

Член 30

Собранието е највисок орган на Сојузот и него го сочинуваат:

1. Старешината и членовите на Старешинството на Сојузот;
2. Членови од одредите – полноправни членки на Сојузот, и тоа:
   - Одредите кои имаат од 10-34 членови се претставени на Собранието со еден член;
   - Одредите кои имаат 35 и повеќе членови се претставени на Собранието од Старешината и Началникот на одредот, како и од дополнителни членови на Собранието во зависност од бројот на членовите во одредот, како што следи:
     - од 35 – 50 членови - 2 члена;
     - од 51 до 80 членови - 3 члена;
     - од 81 до 150 членови – 4 члена и

- над 151 членови – 5 члена.

Членовите на Собранието мора да бидат полнолетни.

Член 31

Собранието работи на седници.
Собранието одржува седници најмалку еднаш годишно.
Собранието се свикува најмалку 30 дена пред денот на одржување на седницата со доставување на покана до членовите на Собранието.
По исклучок, доколку постои потреба од итно донесување на одлуки во врска со определени прашања, седницата може да биде закажана до 15 дена пред денот на одржувањето.
Седниците на Собранието ги свикува Старешината, по сопствена иницијатива или по предлог на Старешинството на Сојузот или најмалку 1/3 од одредите-полноправни членови на Сојузот.
Доколку старешината не свика седница во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на предлогот, истата ја свикува Старешинството или било кој иницијаторите, најдоцна во рок од 30 дена сметано од денот на поднесувањето на предлогот до Старешиката.
Старешината, Старешинството или иницијаторот кој ја свикува седницата на Собранието со доставувањето на поканата предлага дневен ред за седницата.
Членовите на Собранието имаат право да предлагаат измени и дополнувања на дневниот ред, кои мора да бидат доставени до свикувачот на седницата во писмена форма, најдоцна 3 дена пред нејзиното одржување.
Седницата на Собранието мора да се одржи најдоцна 45 дена од денот на свикувањето.

Член 32

Собранието полноважно работи и одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од ½ (една половина) од членовите на Собранието.
Собранието донесува одлуки со јавно гласање на присутните членови, освен кога:

- се избираат членови на органите на управување, извршните или надзорните органи на Сојузот;
- се одлучува за престанок на работата на Сојузот;
- Собранието ќе одлучи заради донесување одлука во врска определено прашање да се пристапи кон тајно гласање.

Член 33

Собранието на Сојузот:

- донесува Статут и усвојува негови измени и дополнувања;
- одлучува за статусни промени на Сојузот;
- обезбедува единство на извидничката организација во остварувањето на своите цели;
- усвојува Програма и Стратегија на Сојузот и нивни измени и дополнувања, како и насоки за нивно имплементирање;
- утврдува политика на организацијата со цел остварување на мисијата, визијата и целите преку примена на принципите и методите на работа на извидничката организација;
- ги утврдува основите за редовно финансирање на извидничката организација;
- го избира и разрешува Старешината на Сојузот;
- ги избира и разрешува членовите на Старешинството;
- ги избира и разрешува членовите на Надзорниот Одбор;
- го усвојува извештајот за работа на Сојузот помеѓу две седници на Собранието;
- го усвојува финансискиот извештај на Сојузот;
- го усвојува извештајот на Надзорниот одбор;
- потврдува одредени одлуки на Старешинството;
- одлучува за прием на нови членови;
- одлучува за изрекување на дициплинска мерка "исклучување од Сојузот";
- одлучува за пристапување на Сојузот во национални и меѓународни облици на здружување;
- одлучува за основање или учество на Сојузот во капиталот на трговски друштва заради остварување на целите утврдени со овој Статут;
- донесува одлука за формирање на привремени работни тела за извршување на работи од негова надлежност;

- донесува одлука за престанок на Сојузот со 2/3 мнозинство и
- врши и други работи кои произлегуваат од овој Статут, актите на Сојузот, законите и другите прописи.

Собранието својата работа ја уредува со посебен Деловник кој се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови.

Член 34

Со седницата на Собранието раководи Старешината на Сојузот, а во негово отсуство, неговиот заменик доколку го има (според член 46) или друг член на Старешинството на Сојузот присутен на седницата кој ќе го определи Собранието со мнозинство гласови.
Одлуките на седниците на собранието се полноважни доколку за нив јасно и недвосмислено се изјасниле повеќе од 1/2 од присутните членови на седницата, а најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието, доколку со овој Статут или со закон не е поинаку определено.

2) Старешинство

Член 35

Старешинството е колективен орган кој управува со работењето на Сојузот помеѓу две седници на Собранието.
Старешинството го сочинуваат 7 (седум) членови, од кои 6 се избираат од страна на Собранието, додека Старешината на Сојузот е член на Старешинството по функција.
Членовите на Старешинството се избираат со мандат во времетраење од 3 години.
Членовите на Старешинството се избираат од листа на кандидати кои поднеле кандидатури по јавен повик распишан во согласност со одредбите од овој Статут.
Членовите на Старешинството мора да бидат полнолетни.
Изборот на членовите на Старешинството се спроведува врз основа на кандидатска листа на која под редни броеви по азбучен ред се наведени имињата на сите предложени кандидати. Секој член на Собранието има право да гласа за најмногу 6 кандидати од листата.
За избрани ќе се сметаат оние кандидати кои добиле најголем број гласови, но не помалку од 1/3 од вкупниот број гласови на Собранието.
Доколку во конкуренција за освојување на последното место во Старешинството повеќе кандидати имаат еднаков број гласови, гласањето за овие кандидати се повторува се додека еден од нив не добие поголем број гласови од останатите.

Член 36

Старешинството на Сојузот работи на седници.
Старешинството може полноважно да работи доколку на седниците присуствуваат повеќе од половина од членовите.
Старешинството одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, а најмалку 1/3 од вкупниот број на членови, доколку тоа не е поинаку утврдено со овој Статут.

Член 37

Во случај на потреба од итно донесување на одлука во врска со определено прашање, Старешинството може да одлучува по пат на електронска кореспонденција.
За потребите на одлучувањето по пат на електронска кореспонденција, Сојузот води регистар на e-mail адреси на членовите на Старешинството.
Доколку најмалку 1/3 од членовите на Старешинството побараат во врска со предметното прашање да се расправа и одлучува на седница, Старешината ќе биде должен да закаже седница.

Член 38

Седницата на Старешинството ја свикува Старешината.
Седниците се свикуваат со покана до членовите најмалку 5 дена однапред, освен во итни случаи кога седницата се закажува на друг најпогоден начин.
Со работата на Старешинството раководи Старешината на Сојузот.

Во отсуство на Старешината, седницата на Старешинството ја води Заменик старешината, а доколку таков не е избран, седницата ќе ја води најстариот присутен член на Старешинството. Старешината на Сојузот седницата ја закажува на лична иницијатива, врз основа на утврдениот план за работа на Старешинството или на писмено барање на најмалку една третина од членовите на Старешинството.
Во случај на поднесено барање за свикување на седница, Старешината е должен истата да ја свика во рок од 5 дена од денот на приемот на барањето.

Член 39

За работата на Старешинството се води записник.
Записничар на седниците на Старешинството е Генералниот секретар на Сојузот, а во случај на негово отсуство записникот го води член на Старешинството кој ќе го определи Старешината или лицето која ја води седницата.
Одлуките и заклучоците кои ги донесува Старешинството мора да бидат запишани во записникот од седницата.
Записникот од седницата го потпишуваат Старешината и записничарот. Одлуките донесени на седницата ги потпишува само Старешината на Сојузот.

Член 40

Членовите на Старешинството во секое време треба да се водат по целите и интересите на Сојузот над поединечните или посебни цели и интереси на која и да е друга страна.
Членовите на Старешинството имаат право и должност да учествуваат во работата на Старешинството, да даваат иницијативи за подготвување на општи акти и да учествуваат во извршувањето на другите надлежности на Старешинството, во согласност со Статутот, интерните акти на Сојузот, деловникот за работа, одлуките, заклучоците и насоките на Старешинството и Собранието.

Член 41

Старешинството ги има следните надлежности:
- ги извршува одлуките и заклучоците на Собранието;
- утврдува Предлог-статут и останати општи акти кои ги донесува Собранието на Сојузот;
- ја анализира работата и состојбата на извидничката организација во целина и презема мерки за јакнење и унапредување на истата;
- усвојува извештаи од акциите и активностите на Сојузот;
- усвојува извештаи од меѓународни активности на кои учествувал Сојузот;
- усвојува годишна програма за работа на Сојузот;
- разгледува предлози на работните, основните и организационите единици како и предлози на поединци и одлучува за нив;
- остварува соработка со органите на Републиката, локалната самоуправа и други органи и организации;
- се грижи за материјално-финансиското работење на Сојузот во согласност со усвоените планови, правилници и важечките закони;
- избира Заменик старешина од своите редови;
- именува и разрешува Генерален секретар на Сојузот и ја разгледува неговата работа;
- именува и разрешува членови на Секретаријатот во согласност со одредбите од овој Статут;
- донесува правилници и други акти со кои поблиску се регулираат прашањата од работата на Сојузот;
- донесува одлука за висината и начинот на прибирање на членаринатa;
- му предлага на Собранието донесување на одлуки за прием и исклучување од членство на извиднички одреди;
- донесува одлука за пофалби, признанија и одликувања на Сојузот;
- донесува одлуки за разрешување на проблеми со дисциплината и суспензии од членство;
- остварува соработка со Светската организација на извидничкото движење и со други признати меѓународни извиднички облици на здружување, како и со национални извиднички организации;
- одлучува за кандидирање на Сојузот за организирање на големи меѓународни активности

и настани;
- одлучува за заштитата и безбедноста на имотот на Сојузот;
- одговорно е за спроведување на програмата на Сојузот;
- ја контролира усогласеноста на општите акти на сите организациони единици на Сојузот со Статутот и општите акти на Сојузот,
- ги врши сите активности кои согласно Законот за трговските друштва Сојузот ги има како основач и содружник на трговско друштво, вклучително именување на раководни лица и лица/органи на надзор;
- донесува одлуки за формирање на комисии, тела и одбори за извршување работи од негова надлежност;
- донесува одлука со која ја утврдува листата на одреди кои ја обновиле регистрацијата во тековната година;
- Усвојува
- а Програми и планови за оспособување и школување на кадри;
- одлучува за поведување на постапка за надомест на штета и други судски постапки во согласност со Статутот и позитивните правни акти на Република Северна Македонија, а со цел остварување на правата и заштита на правните интереси на Сојузот;
- донесува одлуки за ангажирање на лица на определени работни позиции;
- раководи со имотот и средствата на Сојузот, без право на отуѓување;
- донесува Правилник за организација и систематизација на работни места;
- ги одредува целите и принципите на уредувачката политика на своите гласила;
- врз основа на одлука на Собранието основа трговски друштва или презема дејствија за спроведување на постапка за стекнување на учество во капиталот на трговско друштво;
- донесува одлуки кои согласно Законот за трговските друштва се во надлежност на највисокиот орган на управување на друштвото;
- одлучува за распределбата и наменета на средствата остварени како добивка од работетето на трговските друштва во кои како основач/сопственик се јавува Сојузот,
- ги подготвува седниците на Собранието,
- усвојува финансиски план за работата на Сојузот;
- го поттикнува развојот на извидништвото на целата територија на Република Северна Македонија и
- врши други работи утврдени со овој Стаут, интерните акти на Сојузот и актите на Собранието.

Старешинството за својата работа одговара пред Собранието.
Работата на Старешинството се регулира со посебен Деловник кој се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 42

Должноста член на Старешинство престанува пред истекот на времето за кое членот е избран во следните случаи:
- на барање на членот на Старешинството, со поднесување на писмена оставка. Оставката се поднесува до Старешината на Сојузот а мандатот на членот на Старешинството му престанува со денот на прием на оставката од страна на Старешината на Сојузот;
- доколку биде предвремено разрешен од страна на Собранието поради повреда на одредбите од Статуот, интерните акти на Сојузот, актите на Собранието, Уставот, законските и подзаконските прописи или поради несовесно вршење на функцијата;
- доколку отсуствува на повеќе од половината одржани седници, односно отсуствува неоправдано на три седници на Старешинството последователно;
- поради смрт или одземање на деловна способност.

Во случаите од став 3 и 4 престанокот на траењето на мандатот го констатира Старешинството.
Во случај на престанок на мандатот на член на Старешинството во некој од случаите од став 1, испразнетото место во Старешинството ќе го заземе кандидатот кој на изборите за членови на Старешинство бил зад последниот кандидат кој бил избран за член, под услов истиот да освоил најмалку 1/3 од вкупниот број гласови на Собранието.
Доколку кандидатот од став 3 освоил помалку од 1/3 од вкупниот број гласови на Собранието на кое се одржале изборите, нов член на Старешинството ќе биде избран на првата наредна седница на Собранието
Мандатот на членот на Старешинството кој стапил на испразнетото место завршува со истекот на

мандатот на Старешинството.

3) Старешина

Член 43

Старешината на сојузот е самостоен орган кој го застапува и претставува Сојузот, а за својата работа одговара на Собранието на Сојузот.
Старешината се избира со мандат во времетраење од 3 години, со право на реизбор на било кои наредни избори.
Старешината го избира Собранието на Сојузот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.
Доколку ниту еден од кандидатите не го освои мнозинството од став 4, се организира втор круг на гласање во кој учествуваат прворангираниот и второрангираниот кандидат според бројот на гласови.
Во вториот круг за избран ќе се смета оној кандидат кој освоил мнозинство гласови од присутните членови на Собранието, но не помалку од 1/3 од вкупниот број гласови.
Доколку на изборите е кандидиран само еден кандидат, истиот ќе се смета за избран доколку освои мнозинство гласови од присутните членови на Собранието, но не помалку од 1/3 од вкупниот број гласови.

Член 44

Старешината се грижи работата на Сојузот да биде во согласност со Уставот, законските и останатите прописи, како и во согласност со Статутот и другите акти на Сојузот, и се грижи за спроведување на одлуките на органите на Сојузот.
Старешината на Сојузот е овластен да донесува одлуки, да извршува договори и да превзема обврски во врска со сите работи поврзани со тековните активности на Сојузот, освен одлуки чие донесување е во надлежност на Собранието и Старешинството.

Член 45

Во рамките на својата надлежност, Старешината особено ги врши следниве работи:

- раководи со работата на Собранието и Старешинството на Сојузот;
- врши координација на утврдените активности и организира редовно вршење на работите кои се извршуваат во рамките на Сојузот;
- одговорен е за спроведување на одлуките на Собранието и Старешинството на Сојузот, и активно работи на обезбедување на услови за работа на организацијата;
- афирмирање на содржините на извидничките активности;
- популаризација на спецификите на организацијата;
- промоција на Мисијата, принципите и методите на работата на извидничкото движење;
- наредбодавател е за извршување на финансискиот план на Сојузот;
- врз основа на одлука на Старешинството отвара банкарски сметки на Сојузот;
- го претставува Сојузот на повик, или по лична иницијатива на акциите, манифестациите, состаноците и собирите кои ги организира Сојузот, или неговите членови, меѓународните извидnички организации и националните организации, органите на државата, единиците на локалната самоуправа и останатите органи и организации, доколку е тоа во согласност со целите на Сојузот;
- поднесува извештај за работата на Сојузот во мандатниот период;
- се грижи за усогласеноста на финансиско-материјалното работење на Сојузот со законските прописи;
- врши други работи во согласност со закон, овој Статут, интерните акти на Сојузот и актите на Собранието.

Старешината е должен по потреба, а најмалку еднаш годишно (независно од собранијата на СИМ), да свика состанок на Старешините или делегирани претставници на сите регистрирани извидnички и извидnичко-поречански одреди од Република Северна Македонија, заради информирање, расправање, консултирање и креирање на насоки во врска со прашања од поголемо значење на Сојузот.

Член 46

Старешината на Сојузот може да има заменик.
Заменик старешината го заменува старешината во случај на смрт, спреченост, отсуство, или оставка до изборот на нов старешина, со сите права и обврски врзани за работата на Старешинството, а врши и други работи и задачи кои на него ги пренесува Старешината на Сојузот.

НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 47

Надзор над работењето на органите и телата на Сојузот врши Надзорниот одбор.
Надзорниот одбор е самостоен орган на Сојузот, составен од 3 членови на Собранието.
Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието на СИМ, со мандат во времетраење од 3 години.
Членовите на Надзорниот одбор мора да бидат полнолетни.
Изборот на членовите на Надзорниот одбор се спроведува врз основа на кандидатска листа на која под редни броеви по азбучен ред се наведени имињата на сите предложени кандидати.
Секој член на Собранието има право да гласа за најмногу тројца кандидати од листата.
За избрани ќе се сметаат оние кандидати кои добиле најголем број гласови, но не помалку од 1/3 од вкупниот број гласови на Собранието.
Доколку во конкуренција за освојување на последното место во Надзорниот одбор повеќе кандидати имаат еднаков број гласови, гласањето за овие кандидати се повторува се додека еден од нив не добие поголем број гласови од останатите.

Член 48

Членовите на Надзорниот одбор избираат Претседател од своите редови.
Седниците на Надзорниот одбор ги свикува Претседателот.
Надзорниот одбор може да работи и да одлучува доколку на седницата се присутни најмалку двајца членови.
Одлуките на надзорниот одбор се носат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 49

Надзорниот одбор врши контрола над работата на органите на Сојузот, а особено контрола над материјално-финансиското работење.
Надзорниот одбор ги има следните надлежности:

- може да донесе деловник за работа заради поефикасно остварување на своите надлежности;
- го следи спроведувањето на Статутот и програмата за работа на СИМ;
- го следи начинот на работа на органите и телата на Сојузот;
- ја прегледува годишната завршна сметка и други акти на организацијата и
- врши други работи утврдени со овој Статут, интерните акти на Сојузот и актите на Собранието.

Надзорниот одбор се состанува по потреба, а најмалку два пати во текот на една календарска година.
Надзорниот одбор еднаш годишно до Собранието поднесува извештај за својата работа, кој задолжително содржи извештај за спроведената контрола и надзор над финансиското и сметководствено работење.

Член 50

Сите органи и тела на Сојузот се должни, на барање на Надзорниот одбор, да достават примероци од целокупната документација со која располагаат, како и да соработуваат со Надзорниот одбор при спроведувањето на активностите на контрола и надзор.

Член 51

Собранието може да го разреши Надзорниот одбор пред истекот на траењето на мандатот.
Собранието може да го разреши целиот Надзорен одбор или поединечни негови членови поради неактивност, несовесно исполнување на обврските или непочитување на актите на Сојузот.

ИЗБОРИ И КАНДИДИРАЊЕ

Член 52

Избори за Старешина, Старешинство и членови на Надзорен одбор распишува Старешинството со одлука, која се проследува до сите членови на Сојузот преку јавен повик за доставување на кандидатури.
Изборите Старешинството ги распишува штом констатира дека се исполнети условите за нов избор или пополнување на место во некој од органите на управување.
Доколку Старешинството не распише избори во согласност со овој член во рок од 30 дена од денот кога настапиле услови за тоа, Старешината во дополнителен рок од 8 дена ќе ги распише изборите.
Доколку Старешината не ги распише изборите во рокот од став 3, секој полноправен член на Сојузот има право да го свика Собранието кое ќе распише избори.
Избори не мора да се распишат за пополнување на испразнето место доколку од денот на престанокот на функцијата на членот до крајот на мандатот на органот остануваат помалку од шест месеци, освен во случај на престанок на мандатот на Старешината на СИМ.
При изборот на членовите на органите на СИМ, ќе се води грижа за еднакви можности и правична застапеност по родова, етничка и било каква друга основа.

Член 53

Кандидатите за членови на органите доставуваат кандидатури за учество на изборите.
Содржината на кандидатурите ја утврдува органот кој ги распишува изборите.
Кандидатот за Старешина кон кандидатурата задолжително доставува предлог-програма за работа за мандатниот период.

СЕКРЕТАРИЈАТ НА СИМ

Член 54

Извршно-оперативен орган на Сојузот е Секретаријатот на СИМ.

Член 55

Секретаријатот на СИМ е задолжен за спроведување на сите активности од областа на тековното работење на Сојузот кои не се во надлежност на други органи и тела.
Секретаријатот на СИМ е составен од Генералниот секретар на СИМ и членови на Секретаријатот, распоредени на следните позиции:

- Асистенти на Генералниот секретар;
- Координатори кои раководат со поединечни оддели;
- Членови на одделите.

Со одлука на Старешинството, може да бидат воспоставени и други постојани или привремени позиции во рамките на Секретаријатот.
Членовите на Секретаријатот се избираат на отворен конкурс распишан од страна на Старешинството.
Членовите на Секретаријатот можат да бидат во работен однос во Сојузот.

Член 56

Секретаријатот на СИМ ги има следните одговорности:

- ја организира реализацијата на програмата и програмските активности на Сојузот;
- формира тимови за реализација на програмски активности;
- подготвува предлог годишен план на програмски активности на Сојузот;
- го реализира планот на годишни програмски активности на Сојузот;

- континуирано го следи статусот на еднаш регистрираните одреди во СИМ, и истовремено ја следи состојбата во НВО секторот во поглед на постоењето на интерес за основање и основањето на извиднички одреди;
- презема активности во врска со регистрацијата на одредите во согласност со одредбите од Правилникот за регистрација на извидничките и извидничко-порачанските одреди во Сојузот на извидници на Македонија;
- предлага и реализира годишен календар за организирање настани за обучување и школување на кадри;
- изготвува програми за работа на школите и организира обучување и школување на кадрите на Сојузот;
- организира стручни семинари и советувања;
- планира и реализира манифестации на Сојузот од поширок интерес;
- по потреба, а по претходна одлука и одобрен буџет од страна на Старешинството организира акции и активности надвор од утврдената програма;
- им помага на организационите единици во остварувањето на програмата на Сојузот;
- му предлага на Старешинството усвојување на правилници, одлуки и други прописи од областа на спроведувањето на програмата на Сојузот;
- спроведува други активности кои произлегуваат од одредбите на овој Статут и интерните акти на Сојузот, како и одлуките на Старешинството донесени за потребите на реализацијата на програмата.

Член 57

Секретаријатот на Сојузот за својата работа непосредно одговара пред Старешинството на Сојузот, работејќи согласно принципите на единство во усогласување на ставови, со одговорност на секој од членовите за своите надлежности и областа во која е именуван.
Секретаријатот на Сојузот обезбедува постојана врска со началниците на членовите на Сојузот со цел доследно спроведување на програмата.
Секретаријатот одржува редовни состаноци во врска со тековното работење по иницијатива на Генералниот секретар, најмалку два пати месечно.

Генерален секретар

Член 58

Со Секретаријатот на СИМ раководи Генералниот секретар.

Член 59

Генералниот секретар го именува и разрешува Старешинството.

Член 60

Генералниот секретар е во работен однос во Сојузот.
Одлука за висината на платата и другите надоместоци на Генералниот секретар донесува Старешинството на Сојузот.

Член 61

Генералниот секретар ги има следните права, обврски и одговорности:
- непосредно соработува со Старешината во врска со сите аспекти на работењето на Сојузот;
- ги спроведува и извршува одлуките на Старешинството на Сојузот;
- заедно со Старешината на Сојузот го координира и организира тековното работење на Сојузот во согласност со законот, овој Статут, интерните акти на Сојузот и актите на Собранието;
- соработува со членовите на Старешинството за прашања во врска со реализацијата на Програмата, плановите и одлуките на Собранието и Старешинството на Сојузот и други прашања од областа на тековното работење на Сојузот;
- се грижи за правилна употреба и планско користење на имотот и средствата на Сојузот;

- заедно со Старешината подготвува план за мониторинг на реализација на програмата и плановите за работа;
- се грижи за спроведување на внатрешните процедури, правила и прописи на Сојузот и го известува Старешинството за секоја воочена повреда;
- по налог на Старешината, врши уплати и исплати од банкарските сметки на Сојузот;
- одговорен е за навремено подготвување и доставување на наративни и финасиски извештаи за работата на Сојузот,
- по налог на Старешината презема активности за подготовка на седниците на Старешинството;
- предлага ангажирање на лица на одредени работни позиции;
- обезбедува неопходни услови за работа на постојаните и привремените работни тела кои ги именува Старешинството на Сојузот;
- во координација со Старешината организира информативна дејност на Сојузот и по овластување на Старешината соработува со средствата за јавно информирање;
- по налог на Старешината, врши други работи од областа на тековното работење на Сојузот;
- раководи со работата на Секретаријатот;
- ги координира активностите за спроведување на програмата и планот за работа на Сојузот;
- му предлага на Старешинството годишна програма за работа на Секретаријатот;
- се грижи за спроведувањето на програмата на Сојузот;
- одговорен е за реализација на годишниот план на програмски активности;
- се грижи за информирање за сите прашања кои се значајни за реализацијата на програмата;
- ја координира и го следи остварувањето на работата на одделите во Секретаријатот;
- се грижи за унапредување на содржините и методите на работа на Секретаријатот ;
- предлага и учествува во обезбедувањето поддршка на членовите при спроведувањето на програмата на сојузот;
- редовно го информира Старешинството за работата на Секретаријатот, а еднаш годишно му поднесува извештај за работа на Секретаријатотво изминатата година;
- врши други работи кои произлегуваат од одредбите на овој Статут и интерните акти на Сојузот, како и одлуките на Старешинството донесени за потребите на реализацијата на програмата.

Член 62

Поради непристрасност и професионалност во работата, со доаѓање на функцијата Генерален секретар, членот ја враќа својата членска карта во матичниот одред и престанува неговото членство.
Генералниот секретар нема право на глас на Собранието на Сојузот.

Член 63

Генералниот секретар за својата работа е одговорен пред Старешинството на Сојузот.
Генералниот секретар еднаш годишно поднесува до Старешинството извештај за својата работа и за работата на Секретаријатот на Сојузот.
На барање на член на Старешинството, Генералниот секретар е должен да му обезбеди информација за било кое прашање кое е во доменот на неговото работење или работењето на Секретаријатот на Сојузот.

Асистенти на Генералниот секретар

Член 64

Асистентите на Генералниот секретар му помагаат на Генералниот секретар при извршувањето на работите од неговиот делокруг на надлежности.
Асистентите на Генералниот секретар се избираат од страна на Старешинството на СИМ врз основа на распишан отворен конкурс.
Конкурсот од став 2 Старешинството на СИМ го распишува врз основа на предлог од Генералниот секретар.

Одделн во рамките на Секретаријатот

Член 65

Одделите во рамките на Секретаријатот на СИМ претставуваат стручни извршно-оперативни тела, кои имаат за цел спроведување на Основната програма и годишната програма за работа на Сојузот, како и обезбедување на тековното работење на Сојузот во одредени области.
Во рамките на Генералниот секретаријат, се формираат следните одделі:

- Оддел за програма;
- Оддел за меѓународна соработка;
- Оддел за возрасни во извидништвото;
- Оддел за одржливост.

Старешинството може да одлучи да бидат формирани постојани или привремени оддели и во други ресори.
Одделите се формираат со мандатен период од 3 години. Во случај на пополнување на испразнето место на координатор или член на оддел, мандатот на новиот член трае заклучно со истекот на мандатот на целиот оддел.

Член 66

Со секој од одделите раководи координатор.
Координаторите ги избира Старешинството на Сојузот врз основа на распишан конкурс.
Конкурсот од став 2 се распишува со одлука на Старешинството.

Член 67

Покрај координаторот, секој од одделите може да има и други членови кои му помагаат на координаторот во извршувањето на задачите.
Членовите на одделите се пријавуваат за вклучување во работата на одреден оддел врз основа на повик кој го распишува Старешинството на барање на Генералниот секретар.
Доколку на повикот се пријават повеќе кандидати од бројот предвиден во конкурсот, одлука за избор на членови на одделите донесува Старешинството, на предлог на координаторот кој раководи со конкретниот оддел.
Доколку некој од членовите на одделите престане да ги извршува своите обврски, соодветниот координатор за тоа ќе го извести Генералниот секретар, кој таквата информација ќе ја проследи до Старешинството на Сојузот и по потреба ќе побара распишување на повик за пополнување на испразнетото место.

Член 68

Работата на Секретаријатот подетално се регулира со Правилник за работа на Секретаријатот.

ПОФАЛБИ, ПРИЗНАНИЈА И ОДЛИКУВАЊА

Член 69

За достигнувања во работата, остварените исклучителни резултати од значење за јакнење и ширење на организацијата во целина, членовите на Сојузот и членовите на одредите може да бидат пофалени, наградени и одликувани.
Пофалбите, наградите и одликувањата, начинот и постапката за доделување подетално се уредуваат со Правилникот за пофалби, награди и одликувања на Сојузот кој го донесува Старешинството на Сојузот, а во отсуство на таков правилник истите се доделуваат со одлука на Старешинството на Сојузот.

СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 70

Судир на интереси подразбира судир на овластувањата и должностите во врска со работењето на сојузот со приватен интерес на лицето кое има овластувања и должности, при што приватниот интерес влијае или може да влијае врз вршењето на овластувањата и должностите во врска со

работењето на Сојузот.
Во смила на став 1 од овој член, ниту еден член на орган или вработен на Сојузот нема право да гласа за одлука или донесе одлука, која може да му донесе материјална корист лично нему или нејзе, на неговиот/нејзиниот брачен другар или роднина до втор степен странична линија, права линија неограничено.

Член 71

Во услови на постоење на судир на интереси, одлуките на Старешинството се донесуваат со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови.
Доколку член на Старешинството е засегнат од донесувањето на одлуката во смисла на член 70, истиот нема право да гласа за таа одлука.

Член 72

Лицата кои се во работен однос во Сојузот не можат да бидат членови на Собранието на Сојузот, Старешинството и Надзорниот одбор.

ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТА НА СОЈУЗОТ

Член 73

Сојузот најдоцна до 1 февруари во тековната година изготвува и усвојува наративен и финансиски извештај за претходната година, како и годишна сметка.
Извештаите ги изготвува Секретаријатот на СИМ, а ги одобрува Собранието на СИМ на предлог на Старешинството.
Годишната сметка, а по потреба и извештајот за работа и годишниот финансиски извештај, се доставуваат до надлежен орган во согласност со позитивно-правните прописи.
Годишниот извештај (наративен) за работата на СИМ се објавува на интернет страната на Сојузот или на друг соодветен начин со цел истиот да биде достапен до јавноста, најдоцна до 1 април во тековната година за претходната година.

ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СОЈУЗОТ

Член 74

Работата на Сојузот е јавна.
Јавноста во работењето на Сојузот се остварува преку: издаваање на билтени, извидnички весници, извидничка литература, пропаганден материјал, соопштенија од седниците на органите, акции од пошироко општествено значење, јавни гласила и други форми.
Одговорен за јавноста во работењето на Сојузот е Секретаријатот.

Член 75

Старешинството на Сојузот може да именува издавачки совет, редакција и главен уредник за сите гласила основани од негова страна.
Старешинството одредува цели и принципи на уредувачката политика на своите гласила.

ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ

Член 76

За да обезбеди услови за работа, Сојузот може да прибира средства за работа од членарини, доброволни прилози, донации, подароци, завештанија, легати, дејности со кои се стекнува добивка (преку работата на трговски друштва во чиј капитал учествува Сојузот), кирии и закупнини, приходи од инвестиции, дивиденди, камати, заеми, проекти, финансиски субвенции доделени заради остварување на целите утврдени со овој Статут, од фондовите на Република Северна Македонија, од меѓународните извидnички фондови, како и од други извори во согласност со законот.
Средствата реализирани од трговска и друга дејност може да се користат исклучиво за остварување на целите на Сојузот, вклучувајќи ги и трошоците за редовно функционирање на Сојузот и

сопственото учество во финасирањето на одредени проекти.

Член 77

Финансиско-материјалното работење на Сојузот се врши врз основа на годишниот финансиски план, каде средствата се утврдуваат по видот на приходите, а се распределуваат според нивната намена согласно целите и задачите.
Финансискиот план го донесува Старешинството.
Годишните пресметки и извештаи за активностите на Сојузот се поднесуваат до Собранието на Сојузот.
Во финансискиот план се планираат и патни трошоци за членовите на органите и телата за управување на Сојузот кои што доаѓаат од градови надвор од местото на одржување на редовните и вонредни седници и состаноци.

Член 78

Заради реализација на програмата и задачите, остварување на целите и за оспособување на кадри, Сојузот може да основа Извиднички центри.
За потребите на комерцијалното работење на извидничките центри Сојузот основа трговско друштво во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва.

ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

Член 79

Членовите на органите на Сојузот се одговорни за штетата на организацијата предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.
Барање за надоместок на штета се поднесува врз основа на одлука на Собранието.

ИНТЕРНИ АКТИ

Член 80

Заради подетално уредување на определени прашања од значење за работата на Сојузот, Старешинството донесува општи и поединечни интерни акти.
Интерните акти мора да бидат во согласност со овој Статут и со позитивно-правните прописи на Република Северна Македонија.
Во случај некоја одредба од интерните акти да е спротивна на овој Статут или на законот, ќе се применува статутарната, односно законската одредба.

ТОЛКУВАЊЕ И АМАНДМАНИ НА СТАТУТОТ

Член 81

Право на толкување на Статутот има Собранието на Сојузот, а во период помеѓу две седници на Собранието тоа право го има Старешинството.

Член 82

Овој Статут може да се менува со:
- донесување на измени или дополнувања на Статутот и
- донесување на нов Статут.

Член 83

Иницијатива за измена или дополнување на Статутот може да даде секој одред и орган на Сојузот.

Иницијативата за измена или дополнување на Статутот се доставува до Старешинството најмалку три месеци пред одржување на седницата на Собранието.
Собранието на Сојузот на секоја седница формира Статутарна комисија која ги разгледува амандманите за измена на Статутот и му ја презентира на Собранието нивната правна издржаност.

ПРЕСТАНОК НА СОЈУЗОТ

Член 84

Сојузот престанува со Одлука на Собранието, која се донесува со 2/3 мнозинство од вкупниот број на гласови или кога ќе настапат следниве услови:

- поминато даојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието, а таа не е одржана;
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон;
- со 2/3 мнозинство на Собранието донесена е одлука за спроведување на статусна измена која предвидува престанок на постоењето на Сојузот;
- донесена одлука на надлежен суд,
- стечај и
- спроведена ликвидација.

Во случај на престанок на Сојузот, Собранието донесува одлука целокупниот имот да им биде отстапен рамномерно на неговите членови.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 85

Членовите на Сојузот се должни да ги усогласат своите Статути и интерните акти со овој Статут во рок од 1 (една) година сметано од денот на неговото донесување.

Член 86

Со донесување на овој Статут престанува да важи Статутот на Сојузот донесен на ден 28.10.2012 година.

Член 87

Овој Статут стапува во сила со денот на неговото донесување.
Овој Статут ќе се применува од денот на неговото регистрирање во Регистарот на други правни лица кој се води во рамките на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Скопје
02.06.2024

М.П.

Сојуз на Извидници на Македонија
Старешина
Бобан Мојсов